До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје |
| Седиште | Загрепска 29, Скопје |
| Контакт информации | +389(0)2 3092 -872 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Дејан Борисов, декан<br>e-mail: dekan@pbf.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Виктор Недески, продекан<br>e-mail: v.nedeski@pbf.edu.mk |
| Основ за надворешната евалуација | ☐Годишен план<br>☒ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2019/2020 – 2023/2024 учебна година |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | арх.бр.166/1 од 22.04.2024 година |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Место, датум

Скопје, 10.07.2024

МП

проф. д-р Дејан Борисов, декан
овластено лице на установата
(потпис)

Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје |
| Седиште | Загрепска 29, Скопје |
| Контакт информации | +389(0)2 3092 -872 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Дејан Борисов, декан<br>e-mail: dekan@pbf.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф. д-р Виктор Недески, продекан<br>e-mail: v.nedeski@pbf.edu.mk |
| Основ за надворешната евалуација | ☐Годишен план<br>☒ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2019/2020 – 2023/2024 учебна година |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | арх.бр.166/1 од 22.04.2024 година |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Место, датум — МП — проф. д-р Дејан Борисов, декан
овластено лице на установата
(потпис)

Скопје, 10.07.2024

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | **Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје** |
| Седиште | **Загрепска 29, Скопје** |
| Веб страница | www.pbf.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Визијата на Православниот богословски факултет во Скопје е да остане значајна институција во доменот на теолошките истражувања и со исполнување на академските стандарди да биде препознатлив во академските теолошки кругови на Православната црква во Европа и пошироко.<br><br>Мисија на Факултетот, како највисока богословска, просветна и научна установа на Македонската православна црква е да подготвува високообразовано свештенство, монаштво и друг потребен високообразовен кадар за потребите на Црквата, како и заради развивање и унапредување на богословските науки. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватно - јавна непрофитна високообразовна установа - придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:*<br><br>Студиски програми на прв циклус на студии<br><br>Студиска програма „Теологија“, Решение бр. 08 - 68/4 од 07.12.2020 година<br><br>Студиски програми на втор циклус на студии<br><br>Едногодишни студии по теологија, Решение бр. 08 – 70/7 од 26.01.2021 година,<br><br>Двегодишни студии по теологија, Решение бр. 08 – 71/4 од 06.10.2020 година,<br><br>Специјалистички академски студии по Методика на наставата по религиско образование, Решение бр. 08 – 69/4 од 06.10.2020 година,<br><br>Студиски програми на трет циклус на студии<br><br>Студиска програма „Теолошки науки“, Решение бр. 08 – 887/4 од 29.03.2024 година |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје вршат високообразовна дејност 13 вработени лица (јули 2024 година) од кои:<br>10 вработени лица во наставно-научно звање:<br>- 3 редовни професори<br>- 1 вонреден професор<br>- 6 доценти |

| | |
|---|---|
| | Едно вработено лице во наставно-стручни звање:<br>- 1 виш лектор по англиски јазик<br><br>Две лица вработени во соработнички звања:<br>- 2 асистенти |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Прв циклус на студии – 83<br>Втор циклус на студии – 3<br>Трет циклус на студии – 0 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје е основан со Одлука на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква, врз основа на член 66, т.12 од Уставот на МПЦ, т. 4 од Резолуцијата на Црковно – народниот собор, донесена на 30.10.1974 година, чл. 174, став 3 од Уставот на СФР Југославија, чл.225, став 3 од Уставот на СР Македонија, како и согласноста на Републичката комисија за односи со верските заедници број 05 -78/2 од 05.07.1977 година, согласно членовите 18, 19, 20 и 21 од Законот за високото образование во С.Р. Македонија. Факултетот е основан со акт за основање број 360 од 22.07.1977 година.<br>Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, денес функционира согласно Законот за високообразовни установи на верските заедници со статус на приватно-јавна непрофитна високо-образовна установа и придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ЗВУВЗ член 41, „Службен весник на Република Македонија“ бр.81/08, Законот за високо образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, Статут на УКИМ, член број 58). |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Теоретски и методолошки квалификуван наставно-научен кадар, кое своето образование го има стекнато на престижни европски универзитети и институти. Кадарот е со добра теоретска подготвеност за изведување на образовната дејност и практика за конципирање и реализација на научни истражувања и проекти.<br>- Наставно-научниот кадар на Православниот богословски факултет во Скопје континуирано го следи развојот на научната мисла од соодветните теолошки области и ја имплементира во образовниот процес; постојано е достапен за консултации со студентите и е високо оценет на студентските анкети.<br>- Наставата е добро организирана со континуирано оценување на знаењето и ангажирање на студентите.<br>- Студиските програми на трите циклуси се современи и компатабилни со програмите од реномирани светски универзитети.<br>- Факултетот има издавачка дејност. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Стандард 5: Наставен кадар<br>Наставно-научниот кадар на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје во периодот 2019-2024 година бележи плодна научноистражувачка работа односно зголемен број на објавени трудови, учество на проекти и висока оценка од студентските анкети.<br>И покрај преоптовареноста со часови кај одредени професори во 2020/2021 година, поради заминувањето во пензија на неколкумина редовни професори, наставно-образовната дејност на Факултетот се одвиваше беспрекорно и не изгуби на квалитет. До учебната 2023/2024 година наставниот кадар се зголеми и тоа влијаеше за уште подобри наставно-научни резултати.<br>Стандард 6: Ресурси за учење и поддршка на студентите<br>Православниот богословски факултет во Скопје ги обезбеди предавалните |

| | |
|---|---|
| | со современа аудио-визуелна опрема, 5 ЛЦД проектори, има и: 5 скенери, 10 печатачи и еден фотокопир за реализација на наставата. Се зголеми и библиотечниот фонд со над 70 000 библиотечни единици стручна и современа литература. Библиотеката има простор за учење и истражување, а се работи на формирање на нова читална со поголем капацитет. Факултетот обезбеди и соодветна инфраструктура за учење на далечина, која за време на COVID пандемијата функционираше беспрекорно.<br>Стандард 7: Управување со информации<br>Православниот богословски факултет користи податоци релевантни за сите активности на наставно-научната дејност и истите се разгледуваат и дискутираат на ниво на Наставно-научниот совет во насока на преземање на идни чекори за подобрување на квалитетот на наставата.<br>Стандард 8: Информирање на јавноста<br>Православниот богословски факултет во Скопје редовно објавува точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани податоци и информации за сите свои активности на интернет страната на факултетот, youtube каналот и социјалните мрежи.<br>Стандард 9<br>Меѓународната соработка на Факултетот се зајакнува. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Предизвици:<br>Научно-истражувачкиот потенцијал на Факултетот не е доволно искористен за откривање нови научни сознанија и унапредување на научната мисла. Една од причините е недостаток на материјални средства Недоволна финансиска поддршка од страна на основачот и државата за сегментот на науката. Отсуството на средства за фундаментална научно-истражувачка дејност е попречено и од немањето можност за користење на Еразмус+ програмата, што исто така влијае на оптималното функционирање на Факултетот.<br>Недостатоци:<br>Низок степен на мобилност на наставниот кадар и студентите поради немање можност за вклучување во Erasmus+ програмата.<br>Преоптовареност со часови на некои наставници во учебната 2020/2021 година е поради заминување во пензија на тројца редовни професори. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

# Стандард 1

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.</td><td>Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.<br>- Политика за квалитет - Национална агенција за европски образовни програми и мобилност<br><br>- Правилник за обезбедување на квалитетот на УКИМ<br><br>- Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br><br>- Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br><br>- Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024-2029 година<br><br>- Акциски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024-2029 година</td></tr>
<tr><td colspan="2">Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје ја регулира својата политика за обезбедување на квалитет согласно Политиката за квалитет одредена од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Правилник за обезбедување на квалитетот на УКИМ, каде се дефинирани целите и процесите како и активностите кои што ќе се превземаат за нивно остварување. Факултетот презема активности наведени во Стратегијата на УКИМ 2024-2029 година, Акцискиот план на УКИМ (2024-2029), Програмата за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година и Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година, а се поврзани со посветеноста на унапредување на наставно-образовниот процес и воспоставување на механизми за унапредување на неговиот квалитет.<br>Програмата за работа на Факултетот ги зема предвид сите воочени досегашни предности и слабости на Православниот богословски факултет во Скопје, како можностите и заканите со кој тој се соочува, а се резултат на неговото надворешно опкружување. Во спроведувањето на програмата на Факултетот фокусот е на шест аспекти: научно-истражувачка и наставнообразовна дејност, вклученост на студентите во активностите поврзани со академската заедница, користење на нови технологии во наставно-образовната дејност, усогласување на актите на Факултетот со државните закони кои ја покриваат дејноста на Факултетот, финансиска стабилност и инвестиции и меѓународна соработка. Во реализацијата на секоја аспект се применуваат начелата на транспарентност, парцитипативност и инклузивност.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво</td><td>Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ (2013 година)<br>Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (2024 година)</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Прашалник за студентска анкета 2019-2023 година<br>Прашалник за анкета: перцепција на студентите за квалитетот на наставата (2024 година)<br>Прашалник за анкета: перцепција на наставниот кадар за квалитетот на условите за студирање (2024 година)<br>Прашалник за анкета: перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на условите за студирање (2024 година)<br>Прашалник за анкета: перцепција на студентите за општите услови за студирање (2024 година)<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Православниот богословски факултет редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на студентските служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Студентите имаат обврска од анонимно пополнување анкетен прашалник предложен од Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавен во „Универзитетски гласник" бр. 244 на 30 април 2013 година во кој се бара да го оценат секој наставен предмет што го следеле во тек на претходниот семестар. Во летниот семестар од 2023/2024 година се користеше анкетниот прашалник предложен во Упатството за квалитет на УКИМ. Студентите, наставниот и административниот кадар електронски ги пополнуваа анкетите кои беа достапни преку I-know на https://anketi.ukim.mk/.

Во анкетата се опфатени наставниците кои изведуваат настава во набљудуваниот семестар (според распоредот на предметите по семестари за пооделните учебни години, а кои се вработени на Православниот богословски факултет во наставно-научно, наставно-стручно или соработничко звање.

Според предвидената агенда за самоевалуација, за време на извештајниот период, на Православниот богословски факултет се спроведуваше анкета меѓу студентите на крајот на секој семестар, во секоја академска година. Анкетите беа спроведувани од страна на Комисијата за самоевалуација (формирана според чл. 77, т. 9 од Статутот на Факултетот), која по прибирање на сите анкетни листови врши анализа на одговорите на прашањата.

Анализата на резултатите од спроведените анкети недвосмислено укажува на високо рангирање на најголемиот број прашања во сите учебни години. Целокупниот наставен кадар на Православниот богословски факултет во Скопје, во изминатите пет учебни години, доби позитивна оценка од страна на студентите.

**Прилози**

Прилог 1.2.А Студентска анкета за летниот семестар од академската година 2023-2024
Прилог 1.2.Б Студентска анкета за зимскиот семестар од академската година 2023-2024
Прилог 1.2.В Извештај од анкета за перцепција на наставниот кадар за квалитетот на условите на работа во летниот семестар 2023-2024
Прилог 1.2.Г Извештај од анкета за перцепција на студентите за општите услови на студирање во летниот семестар 2023-2024
Прилог 1.2.Д Извештај од анкета за перцепција на студентите за општите услови на студирање во зимскиот семестар 2023-2024
Прилог 1.2.Ѓ Извештај од студенската анкета за квалитетот на наставата и оценувањето во летниот семестар 2023-2024
Прилог 1.2.Е Извештај од анкета за перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа во летниот семестар 2023-2024
Прилог 1.2.Ж Извештај од студентската анкета за квалитетот на наставата и оценувањето во летен семестар 2021-2022
Прилог 1.2.З Извештај од анкета за перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа во летниот семестар 2021-2022
Прилог 1.2.Ѕ Студентска анкета за летниот семестар од академската година 2022-2023
Прилог 1.2.И Студентска анкета за зимскиот семестар од академската година 2022-2023
Прилог 1.2.Ј Студентска анкета за летниот семестар од академската година 2019-2020
Прилог 1.2.К Извештај од самоевалуацијата на Православниот богословски факултет - декември 2021

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.<br>- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24)<br>- Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје |

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје врши континуирана едукација на студентите од прв и втор циклус на студии и е посветен на подобрување и осовременување на студиските програми согласно најновите трендови и потребите на општеството и Македонската православна црква.

Во текот на 2020-2022 година на работата на Факултетот влијаеше пандемијата предизвикана од COVID-19, при што ова најмногу се изрази на изведувањето на наставата и затоа во најголема мера беа организирани on-line предавања, консултации и одбрани на дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Сепак, по барање на студентите кои немаат услови за одржување на онлајн активности, согласно однапред подготвени протоколи за заштита од пандемијата, беа изведувани наставни и консултативни средби, како и одбрани на дипломски трудови со физичко присуство во просториите на Факултетот.

Студентите се образуваат во специфични области поврзани со теолошката наука. Наставата по предметните програми од прв циклус студии се одвива преку предавања со физичко присуство на наставниците и студентите, освен за време на COVID пандемијата кога се одвиваше on-line. Наставата од втор циклус магистерски и специјалистички студии најчесто се одвива менторски (консултативно-инструктивна настава) согласно Правилникот за студирање. При изведување на наставата се користат интерактивни методи и тоа семинарски трудови, панел дискусии, формални дебати, како и I-learn. Предметните програми го прецизираат завршното оценување кое е јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини за кои се известуваат студентите преку службата за студентски прашања и I-know. При изведување на испитите се практикуваат дискусии и презентации на изработените семинарските трудови пред други колеги студенти со што се поттикнува културата на споделување на знаења и конструктивна дискусија.

Сите студиски програми на Православниот богословски факултет во Скопје се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Р. С.Македонија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Студиските програми се креирани врз основа на сопствено искуство и искуството на други универзитети и теолошки факултети во светот. Сопственото искуство се должи на стекнување на високо образование во странство, УКИМ, како и на соработката со студентите и Синодот на Македонската православна црква - ОА. Во рамките на Факултетот, активно функционира и Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници од општествената заедница. Одборот дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на Македонската православна црква и општеството во целина.

Преку учеството на студентите во управата на Факултетот (според чл. 39 од Законот за високо образование и според чл. 50, 53 и 54 од Статутот на факултетот), во Наставно-научниот совет, се создава соработка со која се развива и унапредува квалитетот на образованието. Студентите преку анонимните анкетни прашалници даваат мислење за наставните предмети и даваат насока за евентуални корекции и натамошно подобрување на квалитетот на наставниот процес, а со тоа и на образованието. Исто така, студентите се дел од Комисијата за самоевалуација и Комисијата за квалитет со што се обезбедува нивна вклученост во процесот на проценка на развој и унапредување на квалитетот на образовната и научно-истражувачата дејност.

Дополнително, процесот на самоевалуација на Православниот богословски факултет, кој редовно се спроведува во законскиот рок, сумарно ги прикажува предностите, слабостите, заканите и можностите на Факултетот и дава препораки за подобрување на квалитетот на наставата и кадарот во идниот период, а управата на Факултетот посветено работи на нивна реализација.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Одлука за формирање на Советот за квалитет;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Во рамките на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ од Скопје, се формираше Комисија за квалитет на образованието, одговорна за развојот и имплементацијата на политиката за квалитет. Одлуката бр. 167/1 за формирање на Комисијата за квалитет, донесена на 22.04.2024, ги поставува следните лица за членови на истата: проф. д-р Дарко Анев – претседател, проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски – член, м-р Билјана Петковска – член и студентот Стефан Илиевски – член. Во надлежност на оваа Комисија е развој и унапредување на поставените цели во Програмата на Факултетот и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет на Факултетот.

**Прилози**

Прилог 1.4.А Одлука 167/1 од 22.04.2024 за формирање на Советот за квалитет

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | - Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br><br>- Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -декември 2021<br><br>- Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -ноември 2017<br><br>- Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје јуни 2013 |

Основна цел на процесот на самоевалуација на Православниот богословски факултет во Скопје е со примена на квалитативна, анализа заснована на квантитативни податоци, со цел да се согледаат предностите, а особено слабостите, можностите и пречките во реализацијата на мисијата на Факултетот и тоа во сите сегменти од неговото делување, како би можело, врз основа на заклучоците и препораките, активностите на раководството да се насочат кон подобрување на научно-истражувачката дејност, студиските програми и квалитетот на наставата. Последниот извештајот за самоевалуација на Православниот богословски факултет во Скопје го опфаќа периодот 2018-2021 година и е објавен на интернет страната на Факултетот.

Од извештајот може да се заклучи дека:

- Факултетот остварува добра соработка на универзитетско ниво и индивидуално со други сродни факултети за размена на искуства;
- Наставата е добро организирана, со континуирано оценување на знаењето и активно ангажирање на студентите;
- Наставниот кадар е постојано достапен за консултации со студентите, а наставната материја е добро покриена со стручна литература;
- Недостаток на наставен кадар поради заминување на редовни професори во пензија;
- Нема доволно вработени во административна служба на Факултетот.

Во однос на заклучоците од претходната самоевалуација напредок е постигнат во:

- Зголемен број на објавени научни трудови;
- Зголемен е квалитетот на наставата како резултат на инвестиции во наставната технологија и нови вработувања во наставниот кадар;
- Примена на on-line консултации и предавања со што се овозможи поголема комуникација, достапност и соработка меѓу професорите и студентите;
- Меѓународната соработка на Факултетот продолжува да се зајакнува
- Вработувања во наставниот кадар;
- Вработување во административната служба.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

За работата на Факултетот и за исполнување на целите надворешна евалуација врши Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – ОА. Исто така, деканот на Факултетот поднесува годишен извештај и пред Архиепископскиот управен одбор и пред Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Поднесува и квартален извештај до Министерството за образование и наука.

**Прилози**

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24)<br>- Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11)<br>- Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник на Република Македонија бр. 256/22)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Сите студиски програми на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“- Скопје на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Р. С. Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.<br>Основна дејност на Православниот богословски факултет во Скопје е наставно-образовна и научно-истражувачка работа.<br>Изработката и одобрувањето на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии е од исклучителна важност со цел да се овозможи унапредување на образованието на студентите на сите студиски програми на трите циклуси на студии, следејќи ги најновите трендови во наставната работа и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на Црквата и општеството.<br>Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за квалитет во високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.<br>Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот,вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.<br>Закон за Националната рамка на квалификации</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми на Православниот богословски факултет во Скопје се во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини.</td></tr>
</table>

Студиските програми од прв циклус кои се студираат на Православниот богословски факултет траат 8 семестари, односно станува збор за универзитетски четиригодишни додипломски студии со 240 кредити. За време на студиите, студентите се образуваат за наставно-образовна и научноистражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Студентите поседуваат знаење и разбирање од полето на теолошките науки. Се очекува студентите да се оспособени да ги промовираат и применуваат нивните теоретски и апликативни знаења како основа за понатамошно професионално делување. По дипломирањето студентите се здобиваат со звањето: дипломиран теолог. Студиите се вршат по акредитирана Студиска програма „Теологија“, бр. 08 - 68/4 од 07.12.2020 година

На факултетот има и втор циклус на магистерски студии, со траење од 2 семестари и со траење од 4 семестари. На магистерските студии кои траат 2 семестари, односно една година со 60 кредити, се образуваат професионални кадри за наставно-образовна и научноистражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Студиите завршуваат со јавна одбрана на магистерски труд, а студентите се здобиваат со звањето: магистер по теологија. Акредитирани Едногодишни студии по теологија, бр. 08 – 70/7 од 26.01.2021 година.

На магистерските студии кои траат 4 семестари со 60 кредити, се образуваат студенти за наставно-образовна и научноистражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Студиите завршуваат со јавна одбрана на магистерски труд, а студентите се здобиваат со звањето: магистер по теологија. Акредитирани Двегодишни студии по теологија, бр. 08 – 71/4 од 06.10.2020 година.

Исто така, на Православниот богословски факултет постојат едногодишни специјалистички студии по методика на религиската настава со 60 кредити, која им овозможува на студентите да се стекнат со знаења од областа на теологијата, педагогијата, педагошката психологија и методиката на религиската настава. Студиите завршуваат со јавна одбрана на специјалистички труд и се здобиваат со звањето Професор – специјалист по методика на наставата по религиско образование. Акредитирани Специјалистички академски студии по Методика на наставата по религиско образование, бр. 08 – 69/4 од 06.10.2020 година.

Факултетот има и акредитирана студиска програма за трет циклус на студии, која чека одобрување за почеток на активноста. Студиска програма „Теолошки науки“, бр. 08 – 887/4 од 29.03.2024 година, преку која се надградуваат последипломските студии по теологија. Студиите од трет циклус нудат продлабочено, синтетичко и специјализирано образование од теологијата, преку кое се пристапува до критички пристап и анализирање на важни теолошки прашања. Докторските студии траат 6 семестари, односно тригодишни студии со 180 кредити. Докторските студии се завршуваат со подготовка и јавна одбрана на докторски труд, а по завршувањето кандидатите се стекнуваат со научниот назив: доктор на теолошки науки.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со цел студентот да стекне знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите. Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации согласно со Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/2013 и 30/2016).

Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се дизајнирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодветната програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24).

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус се достапни во приложените елаборати (Прилог 2.2.А, Прилог 2.2.Г , Прилог 2.2.Е, Прилог 2.2.S и Прилог 2.2.К).

**Прилози**

Прилог 2.2.А. Елаборат за прв циклус студии програма 2019

Прилог 2.2.Б. Решение за акредитација
Прилог 2.2.В. Решение за почеток со работа
Прилог 2.2.Г. Елаборат за втор циклус едногодишни студии
Прилог 2.2.Д. Решение за акредитација
Прилог 2.2.Ѓ. Решение за почеток со работа
Прилог 2.2.Е. Елаборат за втор циклус теолошки науки двегодишни студии
Прилог 2.2.Ж. Решение за акредитација
Прилог 2.2.З. Решение за почеток со работа
Прилог 2.2.Ѕ. Елаборат за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава
Прилог 2.2.И. Решение за акредитација
Прилог 2.2.Ј. Решение за почеток со работа
Прилог 2.2.К. Елаборат за трет циклус докторски студии по теологија
Прилог 2.2.Л. Решение за акредитација

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | - Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24)<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Сите студиски програми на Православниот богословски факултет во Скопје се креирани согласно континуирано следење и анализа на современите потреби на Македонската православна црква и општеството во целина.
Со вака конципираните програми, студентите се опремуваат со неопходните знаења и вештини во целост да одговорат на овие потреби.
Во согласност со членот 67 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр 35/08, 30/16) и член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) во рамките на Православниот богословски факултет во Скопје основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на Црквата и општествената заедница.
Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на современите потреби на Црквата и општествената заедница.

**Прилози**
Елаборатите се дел од прилозите во сегментот 2.2.
Прилог 2.3.А Одлука за формирање на Одбор за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје
Прилог 2.3.Б Позитивно мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста при Православниот богословски факултет во Скопје за елаборатот за прв циклус студии

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | - Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18)<br><br>- Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -декември 2021<br><br>Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Управата на Православниот богословски факултет се грижи за изработувањето на студиските програми преку соработката која постои помеѓу Наставно-научниот совет и претставниците на студентите. Преку учеството на студентите во управата на факултетот (според чл. 39 од Законот за високо образование и според чл. 50, 53 и 54 од Статутот на факултетот), во Наставно-научниот совет, се слушаат предлозите на студентите преку нивните претставници. Постои можност за препораки и сугестии од страна на претставникот на студентите за изработка и ревидирање на студиските програми.

Се земаат во предвид и студентските анкети кои се прават секој семестар во академската година, со цел да се оцени квалитетот на наставата. Студентите имаат можност да ги кажат своите идеи во однос на подобрување на студиските програми. Преку ваквиот процес со создава здрава, мотивирачка и ефикасна средина за поддршка и

| |
|---|
| унапредување на знаењето и критичкото размислување на студентите.<br><br>Професорските кадри на факултетот ги прифаќаат препораките и сугестиите за да го подобрат квалитетот на студиските програми. При реакредитација на студиските програми, наставниот кадар вклучен на соодветната програма ја адаптира и осовременува како содржината, така и конкретната литература (задолжителна и дополнителна) на секој поединечен предмет. |
| **Прилози** |

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

| |
|---|
| При креирањето на сите студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии на Православниот богословски факултет во Скопје се прават напори да се вградат најдобрите светски практики. Предметите кое се дел од студиските програми се изработени согласно позитивните искуства од соодветните студиски програми на познати светски универзитети и теолошки факултети.<br><br>Кај студиските програми посебно е нагласена тенденцијата за нивно континуирано усовршување и реформирање, а при тој процес особено се внимава на позитивните практики од светските универзитети, со цел доведување во состојба на компатибилност со соодветните студиуми во светот. Трансферот на знаења и користење на искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети и теолошки факултети претставува појдовната нишка во процесот на реакредитација на студиските програми.<br>Така, при реакредитација на студиските програми од прв циклус на студии користени се соодветни програми од реномирани универзитети и истите се споредливи со слични програми на странски високообразовни институции, особено во рамките на европскиот образовен простор.<br><br>Студиската програма е споредена со студиските програми предавани на теолошки факултети од универзитети во Германија. Тие се следниве факултети:<br>1. Theologische Hochschule Reutlingen, студиска програма: Theologie Bachelor und Master of Art;<br>2. Universität Regensburg – Theologie, студиска програма: Theologie Bachelor und Master of Art;<br>3. Theologische Fakultät Berlin, студиска програма: Theologie Bachelor und Master of Art;<br><br>Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус се достапни во приложените елаборати при индикаторот 2.2 (Прилог 2.2.А, Прилог 2.2.Г , Прилог 2.2.Е, Прилог 2.2.Ѕ и Прилог 2.2.К). |
| **Прилози**<br>Прилог 2.5 Усогласување на програмата со странски практики и искуства |

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

| |
|---|
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии. Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во рамките на Македонската православна црква и Богословијата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на |

студентот и нејзината реализација редовно се следи.

Системот на студирање на првиот, вториот и третиот циклус на студии е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е опишан детално во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.

Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за прв, втор и трет циклус на студии. Преку запишување на студентите на втор и трет циклус на студии, тие имаат можност да го комбинираат и надоградуваат своето практично знаење со знаењето кое го стекнуваат на соодветната студиска програма.

Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година, во што се вклучени: активности за време на часовите, предавања, вежби, практично искуство за одредени предмети како на пример: христијанска методика на наставата, црковно пеење практика, литургика практика на вршење на богослуженијата и молитвословијата, омилитика практика ораторство, индивидуална работа (изработка на семинарски, дипломски трудови), како и испити и други можни методи на евалуација.

ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студентите на втор циклус студии е 60, односно 120 ЕКТС (едногодишни, односно двегодишни студии) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС.
Оптовареноста на студентите од прв, втор и трет циклус на студии е јасно распределена во елаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење.

Православниот богословски факултет во Скопје има соработка со Средното богословско училиште „Св. Климент Охридски" во Скопје, каде што студентите изведуваат практична настава во рамките на предметот христијанска методика на наставата. Практична настава на Факултетот има и по предметите од прв циклус студии: литургика, црковно пеење и омилитика. Дел од оваа настава се изведува во црквата „Св. Јован Крстител" при Факултетот, на која учествуваат студентите запишани на прв и втор циклус на студии. Практичната настава во просек трае 10 часови. Евалуацијата на практичната настава ја врши предметниот наставник согласно со критериумите пропишани во наставната програма за одреден наставен предмет.

**Прилози**
Прилог 2.6.Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности
Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2.

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | - Информации за студентите од прв циклус студии<br>- Информации за студентите од втор циклус студии<br>- Информации за студентите од трет циклус студии<br>- Студиска програма за прв циклус на студии за студентите запишани од 2019 година<br>- Студиска програма за прв циклус на студии за студентите запишани до 2019 година<br>- Студиска програма за втор циклус едногодишни студии<br>- Студиска програма за втор циклус двегодишни студии<br>- Студиска програма за втор циклус едногодишни специјалистички студии по методика на религиската настава<br>- Студиска програма за трет циклус на студии |

Сите информации за студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии навремено се објавуваат на интернет страната на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје и истите кореспондираат со официјалните записи.
За секоја студиска програма е прикачен елаборатот, потребните задолжителни и изборни предмети со соодветните кредити, содржината на секој предмет со наставниците, како и сите документи кои се неопходни за

| | |
|---|---|
| информирање на студентите во врска со првиот, вториот и третиот циклус на студии.<br>Информациите се објавени на македонски јазик - јазикот на кој се вршат предавањата на Православниот богословски факултет. | |
| **Прилози** | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиските програми на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје на прв, втор и трет циклус на студии континуирано се следат и периодично се ревидираат со цел да се следат промените во наставната технологија, осовременување на стручната литература и потребите на студентите и Црквата и општествената заедница. Програмите се ревидираат во рамки на законски предвидените рокови за акредитација, односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на веб страната на Факултетот и се јавно достапни за сите заинтересирани страни.

Материјали по секој од предметите вклучени во наставната програма се избрани со цел да обезбедат знаења за суштинските теоретски концепти и практични решенија, а се практикува редовно дополнување на литературата со тековни материјали и публикации, со цел студентите да се стекнат со критичко размислување и да дискутираат за актуелните теми од областа на теологијата.

Преку ревизија континуирано се подобруваат студиските програми. Постапката за акредитација/реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

На ниво на прв циклус студии егзистира една студиска програма по теологија од 2019 година, а веќе е поднесена програма за реакредитација која е одобрена од Сенатот на УКИМ и постапката тече понатаму до целосно акредитирање на програмата. За сите останати програми завршен е процесот на реакредитација, па така, на Православниот богословски факултет присутни се и две студиски програми за магистерски студии на втор циклус, една програма за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава и една програма за трет циклус докторски студии по теологија.

**Извештаи за спроведената настава или информација за следењето на изведувањето на наставата**

Наставата на Православниот богословски факултет во Скопје редовно се спроведува согласно Правилата за студирање на Факултетот. За секој одделен предмет предвиден со студиската програма се организира настава. Секој студент има право да договори и консултации со предметен наставник.

Распоредот на часови и академскиот календар се објавуваат јавно на веб страната на Факултетот, како и на огласната табла во просториите на Факултетот пред почетокот на секоја учебна година. Преку анкетата која се спроведува на крајот на секој семестар за секој наставен предмет и наставник се оценува од страна на студентите и редовноста на часовите и рационалното искористување на времето.

Предавањата во зимскиот и во летниот семестар во академската 2019/2020 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година се реализираа во целост согласно годишниот план и предвидената динамика и согласно акредитираните наставни програми.

Во извештајниот период наставно–образовниот процес се реализираше согласно условите кои постоеја во периодот. Имено до 11 март 2020 година, наставата, испитите и консултациите се одржуваа со физичко присуство во просториите на Факултетот, а кога беше прогласена пандемија на ниво на државата согласно одлуката на Владата, активностите продолжија да се остваруваат преку користење на соодветни платформи за електронска двонасочна комуникација и електронско изведување на колоквиуми и испити.

Во учебната 2020/2021 сите активности, во најголема мера, беа реализирани онлајн, со користење на електронски комуникациски средства, врз база на Одлуката за начинот на реализација на дејностите на УКИМ, согласно со мерките на надлежните органи во Р. С. Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот. Со укинувањето на активностите и мерките донесени во насока на спречување на ширењето на

| | |
|---|---|
| заразата од коронавирусот од страна на Владата на РСМ, Православниот богословски факултет ја продолжи наставата со физичко присуство. | |
| **Прилози**<br>Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус и решенијата за работа се дадени во прилози на индикаторот 2.2. | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
| На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје се прибираат статистички податоци, редовно се следат и системски се анализираат, а потоа служат за донесување соодветни одлуки базирани на податоците.<br><br>Во поглед на студиските програми, Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ редовно го следи бројот на студенти (новозапишани, дипломирани, магистрирани и одбранети специјалистички трудови), број на предмети кои се реализираат во секој семестар, просечна оценка итн. Добиените податоци претставуваат основа за донесување на соодветни одлуки во насока на унапредување и успешна реализација на студиските програми.<br><br>Статистичките податоци за бројот на студентите, просечните оценки по предмети како и бројот и причините за напуштање на студиите се прикажани во табелите во секцијата Прилози.<br>. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.9.А. Статистички податоци – број на запишани студенти и број на студенти кои ги напуштиле студиите<br>Прилог 2.9.Б. Статистички податоци - Предмети и просечни оценки по предмети прв и втор циклус студии<br>Прилог 2.9.В. Причини за напуштање на студиите | |

## Стандард 3

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.</td><td>Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.<br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставата на Православниот богословски факултет се изведува преку предавања/часови со студентите, одржување на вежби, лекторски вежби, консултации, семинарски работи, семестрални трудови, елаборати, изработка на есеи, библиографии, практична настава, теренска настава и други студентски активности. На часовите студентите се стекнуваат со теоретските познавања од областа на теолошките дисциплини, како и практични аспекти опфатени со предметните програми. Предавањата се изведуваат од наставници избрани во наставно-научни звања. На вежбите кои се одржуваат, студентите го продлабочуваат подетално наученото на часовите преку анализа и специфични вежби. Исто така, според потребите или специфичноста на теолошката дисциплина, се изведува и практична настава или посети на различни објективи (цркви, манастири, синагоги, џамии, археолошки наоѓалишта, музеи и др.).<br>Изведувањето на наставата е опишано во чл. 19, 20, 21, 22 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии, објавен на веб страната на Факултетот.<br>Студентите активно учествуваат во процесот на учењето преку редовност на предавањата, изработка на семинарски работи и есеи поврзани со темите предавани и дискутирани на часовите. Знаењето на студентите е проверено преку колоквиуми или испити, кои го рефлектираат активното учество на студентите во процесот на учење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 3.1.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје</td></tr>
<tr><td>3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.</td><td>Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.<br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програмите користат посебни пристапи и мноштво педагошки методи во наставата кои ги стимулираат и поттикнуваат студентите кон остварување на образовните цели.<br>Изведувањето на наставата во првиот циклус на студии се прави преку часови/предавања и вежби, изведувани од страна на наставниците и соработниците на установата. Часовите опфаќаат теоретски познавања од областа на теологијата кои се продлабочуваат со вежбите преку анализа и специфични вежби. По предметите Литургика и Црковно пеење се реализира практична настава и вежби во црква, со цел учење на практичниот дел на црковните служби и подобро совладување на црковното пеење и типикот. Исто така, по предметот Свето писмо на Стариот завет се изведува теренска настава преку посетување на синагога. Наставата е сочинета од задолжителни и изборни предмети од Православниот богословски факултет и од листата на Универзитетот.<br>Изведувањето на наставата во вториот циклус на едногодишни магистерски студии во установата, трае 2 семестари. Опфатени се задолжителни и изборни предмети од програмата на установата и од Универзитетот. Кандидатите се подготвуваат за познавања и истражувачка дејност во полето на теологијата и нејзините области. Покрај наставата се подготвува и магистерски труд.<br>Наставата од втор циклус на двегодишните магистерски студии, 4 семестари, се изведува од професорите на установата и од надворешни професори, а кандидатите имаат можност да посетуваат предавања од задолжителните и изборните предмети со цел да се стекнат со познавања од областа на теологијата и нејзините области, како и од областа на црковната средновековна уметност, средновековната философија, философијата на религиите, социологијата на религиите и др. Се подготвува и магистерски труд.<br>Наставата од втор циклус на едногодишни специјалистички студии по методика на религиската настава</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| подразбира стекнување на теоретски и практични познавања од областа на теологијата, педагогијата, педагошката психологија и методиката на религиската настава. Се подготвува специјалистички труд.<br>Наставата на третиот циклус на студии сè уште не е започната. Се очекува добивање на решение за почеток на работа на третиот циклус на студии. | |
| **Прилози**<br>Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2. | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.<br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br><br>- Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје -декември 2021 |
| Во рамките на секоја студиска програма на Православниот богословски факултет јавно и транспарентно се објавени општите и специфичните дескриптори За секоја студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот). Во елаборатите на студиските програми предвидени се посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Ваквиот пристап е својствен за секоја студиска програма на прв, втор и трет циклус на студии.<br><br>Понатаму, јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма. Сите овие можности се применуваат од страна на предметните професори и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики - каде се става посебен фокус на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите.<br><br>Студиите на случај, како метод се релевантни само во педагошките предмети на Факултетот, како потреба за целосно и детално проучување на воспитно-образовните феномени. Во другите теолошки дисциплини овој метод не е применлив.<br><br>Можноста на последипломските студии да се запишуваат студенти од различни факултети овозможува интередисциплинарен пристап, како на пример, студенти со завршен филозофски факултет, психологија, педагогија, историски науки, филолошки факултет итн.<br><br>Наставата континуирано се следи и се постапува по детектирани слабости/недостатоци и се прават соодветни адаптации. На крајот на секој семестар се спроведуваат анкетни прашалници, каде студентите имаат можност да ја оценат наставата, како и да дадат свои мислења и сугестии. Основна цел на самоевалуацијата е да го процени квалитетот на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на Православниот богословски факултет во Скопје. | |
| **Прилози**<br>Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2. | |
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.<br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |

| | |
|---|---|
| Во елаборатите на секоја студиска програма, детално се утврдени и елаборирани механизмите/алатките на оценување. За секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати.<br><br>Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, јасно се наведени и детално елаборирани критериумите за оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, есеи, проекти, устен испит, завршен испит, писмен испит итн.). Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет во Скопје детално е елаборирано како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување. Наведени се обврските на студентите и наставниците во целиот процес на оценување. Наведените постапки се почитуваат од страна на наставниот кадар на Факултетот, во секоја посебна студиска програма на прв и втор циклус на студии согласно нејзините специфики.<br><br>Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно.<br><br>Дополнително, на почетокот на секој семестар, одговорните наставници на сите наставни предмети детално ги запознаваат студентите со Годишната програма за работа за соодветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература, начинот на изведување на наставата, преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оценка. | |
| **Прилози**<br>Прилог 3.4.А Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во проценти) на ниво на установа<br>Прилог 3.4.Б Листи на предмети и методи на оценување и испитување на студентите по академски години за последните 5 години<br>Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2. | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.<br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Во Елаборатите на секоја студиска програма и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет во Скопје (од член 24 до член 42) јасно се наведени критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите. Овие документи се објавени на веб страната на Факултетот.<br>Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување и начинот на формирање на оценката согласно целите на секој посебен наставен предмет. | |
| **Прилози**<br>Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2. | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.<br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти во согласност со сите процедури, согласно наставните програми и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и | |

| | |
|---|---|
| студирање на прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет.<br>Оценувањето го рефлектира знаењето на студентите по соодветните предмети предавани на установата. За оценките добиени во процесот на испитување/тестирање студентите се известени навремено.<br>Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети во текот на семестарот низ неколку фази. Најпрво добиваат повратна информација во врска со избраната тема за семинарска работа, есеј, библиографија, по што следува повратна информација во однос на избраните теми за дадената задача. Во текот на изработката на тезите, студентите работат на нивно унапредување со насоки и корекции од страна на наставникот. Изработената семинарска работа се праќа на наставникот во електронска верзија, каде повторно студентите добиваат повратна информација по електронска пошта.<br>Повратната информација ја добиваат и при полагање на испитот, каде покрај семинарската одговараат и на материјалот предвиден според наставната програма за соодветниот наставен предмет.<br>Студентите се известени за нивните оцени/резултати веднаш по завршување на испитот, доколку испитот се одржува усно. Доколку испитот се одвива писмено резултатите се објавуваат неколку дена по испитот и истите се достапни на огласна табла. Студентите имаат право на увид или на договорени консултации, каде можат да добијат насоки како можат да го унапредат процесот на учење во соодветната наставна материја. Оценките се впишуваат и во електронското досие на студентот во I-know електронскиот систем на евиденција на УКИМ.<br>Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето: Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување на студентите и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен наставен предмет.<br>Оценувањето по предметите: Педагогија и Воспитувањето и образованието во Библијата од втор циклус специјалистички студии исто така се спроведува од двајца испитувачи. | |
| **Прилози**<br>Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години се дадени во Прилог 2.9.Б. Статистички податоци - Предмети и просечни оценки по предмети прв и втор циклус студии во прилози на индикаторот 2.9.<br>Линковите до сите елаборати на студиските програми од прв, втор и трет циклус се дадени во прилози на индикаторот 2.2. | |
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата.<br>- Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>- Правилник за работа и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје |
| Според чл. 77, т.8 и 10 од Статутот на Факултетот, деканот може да прима жалби од страна на студентите и да ја подобри работната дисциплина на факултетот.<br>Православниот богословски факултет во Скопје, како придружна членка на УКИМ со свој претставник во Сенатот на Универзитетот, ја регулира процедурата за пријава на корупција согласно Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Во последните пет години на факултетот нема поднесени жалби од страна на студентите, ниту поднесени пријави за корупција. | |
| **Прилози** | |

## Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.<br>- Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="2">Фазите на студирањето се опишани во Статутот на Факултетот во чл. 86 - 94 и во чл. 97-103. Подеталните информации за запишувањето, студирањето, оценувањето и завршувањето на студиите се содржани во Правилникот за студирање за прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет во Скопје. Посочените членови се однесуваат на уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите на Православниот богословски факултет во Скопје.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.<br>- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24)<br>- Правилник за водење евиденции за високото образование<br>- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>- Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти<br>- I-know систем<br>- Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси I-know</td></tr>
<tr><td colspan="2">На Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на прв и втор циклус студии (постдипломски студии) се врши согласно дефинираната рамка во:<br>-Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/18, 178/21 и 58/24);<br>-Правилникот за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование и наука,врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование,(„Службен весник на Република Македонија“, бр. 102/18);<br>-Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус студии на Православниот богословски факултет во Скопје.<br><br>Согласно Член 159 од Законот за високо образование, Православниот богословски факултет во Скопје води матична книги на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18).<br>Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.<br>Во согласност со наведените прописи на Православниот богословски факултет во Скопје се води студентско досие каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на дипломирање, односно магистрирање.<br>Воспоставениот електронски систем на евиденција – I-know на УКИМ овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на Факултетот, така и од страна на секој поединечен студент. Во овој систем секој вработен на Факултетот во наставната и стручно-административната дејност и секој регистриран студент, по безбедносна автентикација, може да пристапи до информации за своите активности и напредокот во текот на студентскиот процес, согласно утврдените правила за пристап во системот и привилегиите кои му се дадени. Системот се ажурира во реално време.<br>Студентите на Православниот богословски факултет во Скопје го користат I-know системот согласно Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси I-know, објавено на веб страната на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Освен тоа, од страна на УКИМ обезбедено е и Корисничко упатство за професори. Факултетот ја користи и I-learn платформата на УКИМ за спроведување на наставата. | |
| **Прилози** | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години.<br>- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24)<br>- Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18, 178/21 и 58/24) се елаборирани и уредени напредувањето за време на студиите, преминот од една програма во друга за време на студирањето, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, признавањето на испитите и други образовни активности кои се положени, односно реализирани на различни образовни установи, како и паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.<br>Установата врши признавање на периодите на студирање и претходно учење, како и признавање на други видови на учење, регулирано во Законот за високо образование и Статутот на факултетот во чл. 98, 99, 100.<br>За време на извештајниот период 2019-2024 година, двајца студенти имаат доставени документи за признавање на предмети положени на друга високообразовна институција во странство. Комисијата за ЕКТС при Православниот богословски факултет во Скопје, по разгледување на документацијата и споредба на наставните програми, одговори позитивно на нивните барања. | |
| **Прилози**<br>Прилог 4.3 Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома<br>- Закон за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/18, 178/21 и 58/24)<br>- Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи |
| Во Законот за високо образование - Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18, 178/21 и 58/24),) е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома. Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со овој закон се уредени со посебен Правилник. Врз основа на Член 155 став 10 од Законот за високо образование, Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи донесува министерот надлежен за работите на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18).<br>Документацијата која ја издава Православниот богословски факултет во Скопје е согласно оваа законска | |

регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива, а документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии.

Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите и Решенијата за акредитација на студиската програма.

По завршувањето на студиите, студентите се здобиваат со одредено звање, соодветно на циклусот на студии.

По завршувањето на првиот циклус на студии, студентите се здобиваат со звањето: дипломиран теолог.

По завршувањето на програмите за вториот циклус на студии, студентите се здобиваат со звањето: магистер по теологија.

По завршувањето на специјалистичките студии по методика на религиската настава, студентите се здобиваат со звањето: професор – специјалист по методика на наставата по религиско образование.

Кандидатите кои ќе го завршат третиот циклус на студии се здобиваат со звањето: доктор на теолошки науки.

За секој завршен циклус на студии, студентите добиваат уверение во кое се потврдува нивниот статус на дипломиран теолог, магистер или доктор. Добиваат и Диплома која го докажува завршениот циклус на студии, добиеното звање и просечната оценка од сите години на студирање и од завршниот труд. Во додатокот на дипломата се запишани личните податоци на студентот како и сите оценки од сите години на студирање и просечната оценка од секоја студиска година.

**Прилози**

4.4.А. Додаток на диплома за прв циклус студии по теологија
4.4.Б. Додаток на диплома за втор циклус теолошки студии – едногодишни
4.4.В. Додаток на диплома за втор циклус теолошки студии – двегодишни
4.4.Г. Додаток на диплома за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава
4.4.Д. Додаток на диплома за трет циклус докторски студии по теологија

**Стандард 5**

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во периодот од 2019 до 2024 година, обезбедил доволен број квалификуван академски кадар (наставници и соработници) за да ги постигне образовните цели. Квалификациите на наставниот кадар се соодветни на профилот и концептот на студиите, како и на предвидените наставни предмети во сите циклуси студии.

Во учебната 2019/2020 година, на Факултетот биле ангажирани 17 вработени во наставно-научната област, од кои осум наставници, еден лектор по англиски јазик, седум асистенти и еден помлад асистент. Дополнително биле ангажирани тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија, четворица професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус студии по теологија и тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава.

Во учебната 2020/2021 година, на Факултетот биле ангажирани 15 вработени во наставно-научната област, од кои пет наставници, еден лектор по англиски јазик, осум асистенти и еден помлад асистент. Дополнително биле ангажирани тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија, четворица професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус студии по теологија и тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава.

Во учебната 2021/2022 година, на Факултетот биле ангажирани 15 вработени во наставно-научната област, од кои седум наставници, еден лектор по англиски јазик, шест асистенти и еден помлад асистент. Дополнително биле ангажирани тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија, четворица професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус студии по теологија и тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава.

Во учебната 2022/2023 година, на Факултетот биле ангажирани 15 вработени во наставно-научната област, од кои десет наставници, еден лектор по англиски јазик, четири асистенти и еден помлад асистент. Дополнително биле ангажирани тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија, четворица професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус студии по теологија и тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава.

Во учебната 2023/2024 година, на Факултетот биле ангажирани 13 вработени во наставно-научната област, од кои десет наставници, еден виш лектор по англиски јазик, двајца асистенти и еден демонстратор. Дополнително биле ангажирани тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за прв циклус студии по теологија, четворица професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус студии по теологија и тројца професори од УКИМ како надворешни соработници за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава.

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

Подолу се дадени линкови до биографиите на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат, со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати. Исто така, прикажан е преглед на предметите кои наставниот кадар го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице.

**Наставен кадар на Православниот богословски факултет на прв циклус студии и предмети кои ги предава:**

**д-р Анев Дарко, доцент**
- биографија
2021/2022 - 2023/2024 година:
- Вовед во Светото писмо на Новиот завет
- Свето писмо на Новиот завет - Егзегеза III
- Свето писмо на Новиот завет - Егзегеза IV
- Староеврејски јазик I
- Староеврејски јазик II
2021/2022 и 2023/2024 година:
- Старогрчки јазик III
- Старогрчки јазик IV
2019/2020 и 2020/2021 година вежби по предметите:
- Вовед во Светото писмо на Новиот завет
- Старогрчки јазик I
- Старогрчки јазик II
- Старогрчки јазик III
- Старогрчки јазик IV

**д-р Борисов Дејан, редовен професор**
- биографија
2019/2020 - 2023/2024 година:
- Историја на христијанската црква I
- Историја на христијанската црква II
- Историја на Македонската православна црква I
- Историја на Македонската православна црква II
2019/2020 и 2020/2021 година:
- Историја на Помесните православни цркви
2020/2021 - 2023/2024 година:
- Црковно пеење I
- Црковно пеење II
2019/2020 и 2020/2021 година; 2022/2023 зимски семестар:
- Канонско право I
- Канонско право II
2019/2020 година:
- Црковна архитектура со христијанска уметност

**д-р Гиревски Ацо, редовен професор**
- биографија
2019/2020 година:
- Вовед во теологија
- Агиологија
- Хеортологија
- Омилитика историја
- Омилитика теорија
- Мисија на Православната црква

**д-р Гоговски Стефан, доцент**
- биографија
Летен семестар 2022/2023 и 2023/2024 година:
- Вовед во теологија
- Христијанска етика со аскетска теологија I
- Христијанска етика со аскетска теологија II
- Црковна архитектура со христијанска уметност
2020/2021 – зимски семестар 2022/2023 година вежби по предметите:
- Христијанска етика со аскетска теологија I
- Христијанска етика со аскетска теологија II
- Црковна архитектура со христијанска уметност
2019/2020 вежби по предметот:
- Вовед во теологија

**д-р Грозданоски Ратомир, редовен професор**
- биографија
2019/2020 - 2022/2023
- Свето писмо на Новиот завет – егзегеза I
- Свето писмо на Новиот завет – егзегеза II
- Старогрчки јазик I
- Старогрчки јазик II
2019/2020 и 2020/2021
- Вовед во Светото писмо на Новиот завет
- Свето писмо на Новиот завет – егзегеза III
- Свето писмо на Новиот завет – егзегеза IV
- Старогрчки јазик III
- Старогрчки јазик IV

**д-р Ѓорѓевиќ Милан, редовен професор**
- биографија
2019/2020 - 2023/2024 година:
- Философија
- Пастирска психологија
- Православно богословие XVI-XIX век
- Православно богословие XX и XXI век
- Догматика I
- Догматика II
- Социјална теологија
2019/2020 – 2022/2023 година:
- Пастирско богословие I
- Пастирско богословие II
2020/2021 година - 2023/2024 година:
- Литургика I
- Литургика II
2020/2021 – 2022/2023 година:
- Мисија на православната црква
- Омилитика историја
- Омилитика теорија
2020/2021 – летен семестар 2022/2023 година:
- Вовед во теологија
- Христијанска етика со аскетска теологија I
- Христијанска етика со аскетска теологија II
2020/2021 година:
- Црковна архитекстура со христијанска уметност
- Патрологија I
- Патрологија II

- Агиологија со хеортологија
- Агиологија
- Хеортологија

**д-р Ѓорѓевски Ѓоко, редовен професор**
- биографија
2019/2020 - 2023/2024 година:
- Библиска историја со археологија
- Вовед во Светото писмо на Стариот завет
- Свето писмо на Стариот завет – Егзегеза I
- Свето писмо на Стариот завет – Егзегеза II
2019/2020 – летен семестар 2023/2024 година:
- Црковнословенски јазик I
- Црковнословенски јазик II
- Црковнословенски јазик III
- Црковнословенски јазик IV
2019/2020 и 2020/2021
- Староеврејски јазик I
- Староеврејски јазик II
Од 2020/2021 до 2023/2024:
-Црковно пеење III
- Црковно пеење IV

**м-р Златески Петко, вонреден професор**
- биографија
2019/2020 година:
- Црковно пеење I
- Црковно пеење II
- Црковно пеење III
- Црковно пеење IV

**д-р Јовковска Анета, вонреден професор**
- биографија
2019/2020 - 2023/2024 година:
- Христијанска педагогија
- Христијанска методика на наставата
- Дидактика
- Историја на религиите
2019/2020 - летен семестар 2022/2023 година:
- Апологетика
2019/2020 година:
- Библиско и светоотечко учење за воспитанието

**д-р Крстаноски Александар, доцент**
- биографија
Летен семестар 2023/2024 година:
- Црковнословенски јазик I
- Црковнословенски јазик II
- Црковнословенски јазик III
- Црковнословенски јазик IV
- Старогрчки јазик I
- Старогрчки јазик II
Летен семестар 2020/2021 – летен семестар 2023/2024 вежби по предметите:
- Црковнословенски јазик I
- Црковнословенски јазик II

- Црковнословенски јазик III
- Црковнословенски јазик IV

**д-р Мицевски-Игнат Илче, доцент**
- биографија
Летен семестар 2022/2023 – 2023/2024 година:
- Апологетика
- Канонско право I
- Канонско право II
2020/2021 – 2021/2022 вежби по предметите:
- Апологетика
- Канонско право I
- Канонско право II
2019/2020 вежби по предметите:
- Апологетика
- Канонско право II

**д-р Недески Виктор, доцент**
- биографија
2021/2022 – 2023/2024 година:
- Патрологија I
- Патрологија II
- Агиологија со хеортологија
Зимски семестар 2023/2024 година:
- Старогрчки јазик I
- Старогрчки јазик II
2023/2024 година:
- Старогрчки јазик III
- Старогрчки јазик IV
2021/2022 и 2022/2023 година:
- Хеортологија
2021/2022 – летен семестар 2022/2023 година:
- Вовед во теологија
- Христијанска етика со аскетска теологија I
- Христијанска етика со аскетска теологија II
- Црковна архитектура со христијанска уметност
- Канонско право I
- Канонско право II
2019/2020 и 2020/2021 година вежби по предметите:
- Историја на помесните православни цркви
- Црковна архитектура со уметност
- Агиологија
2020/2021 година вежби по предметите:
- Хеортологија
- Агиологија со хеортологија

**д-р Санџаковски Стефан, редовен професор**
- биографија
2019/2020:
- Христијанска етика со аскетска теологија I
Сите вработени лица во стручно-административната служба се со високо образование, а секретарот има завршено последипломски студии. Помошниот и административниот кадар ги развива сопствените компетенции на индивидуална основа преку надградба на формалното образование, како и на организирана основа согласно потребите на Факултетот. Во текот на извештајниот период две лица од стручно административниот кадар имаат посетено стручна обука. Имено, м-р Билјана Петковска, секретар на Факултетот во учебната 2023/2024 година посети еднодневна обука на тема: Примена на законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Обуката беше без надомест, а во организација на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Раководителот на Службата за студентски прашања, во текот на месец август 2023 година имаше обука за работа со електронскиот систем за евиденција I-know на Факултетот. Обуката беше без надомест, во организација на администраторите на системот на Факултетот и се изведуваше во просториите на установата.
Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација. Стручно-административната служба на Православниот богословски факултет во Скопје тековно и непречено ги опслужува студентите согласно нивните барања и потреби. Вработените лица во административната служба се постојано достапни за електронска комуникација со студентите, а дел од консултациите студентите ги добиваат и преку телефон, по нивно барање.

**Прилози**

Прилог 6.3. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обуки за развој на сопствените компентенции

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Во извештајниот период, на Православниот богословски факултет нема студенти кои биле вклучени во научно-истражувачки проекти. Најголема причина за тоа е што Факултетот немаше акредитирана програма за трет циклус, а докторанти би биле најмногу мотивирани за вакви научни активности. Сепак, Факултетот треба да работи на мотивирање на студентите и од вториот циклус за учество во научни ангажмани. Стратегијата на Факултетот, во иднина, предвидува ангажмани на студенти од втор и трет циклус студии во соодветни научноистражувачки проекти.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Наставниот кадар на Православниот богословски факултет во Скопје е подготвен да им понуди различни форми на поддршка на студентите, доколку за тоа постои потреба. Во извештајниот период не се евидентирани студенти кои побарале специфична форма на поддршка од страна на Факултетот.

Поради специфичноста на професијата и начинот на вработување на дипломираните теолози, во рамките на Факултетот не се согледала потребата од организиран Центар за кариера, но постои база на податоци наменета за студенти на Факултетот, вклучително и поранешни студенти – дипломирани теолози. Информациите се споделуваат во приватна група на социјалните мрежи и редовно се проследени од висок процент на студенти, како и поранешни студенти на Факултетот.

**Прилози**

<table>
<tr><td>6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.</td><td>Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Православниот богословски факултет нема систем за следење на Алумни заеницата освен I-know системот каде се сочувани податоците и на студентите кои завршиле со студирање на Факултетот. Студентите кои завршиле теолошки студии во најголем процент се вработуваат во рамките на Македонската православна црква. Факултетот редовно ги поканува дипломираните студенти на патронатските прослави и други свечености, настани, трибини и конференции кои ги организира. Одѕивот на ваквите покани е голем од страна на дипломираните теолози, но не е статички евидентиран во установата.<br>Православниот богословски факултет треба да работи на воспоставување посеопфатен пристап во реализација на заеднички иницијативи и активности со дипломираните студенти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>- Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамки на Факултетот функционира Студентско собрание, а претставник на студентите има во Наставно-научниот совет, како и во многу комисии на Факултетот, како на пример: Комисијата за квалитет на наставата, Комисијата за самоевалуација итн. Со тоа, студентите земаат активно учество во донесување на одлуки и управување на установата.<br>Согласно Статутот на Православниот богословски факултет (член 43), членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор. Студентското собрание се состои од повеќе членови и претставници од секоја година.<br>Согласно Статутот на Православниот богословски факултет (член 49), од страна на Студентското собрание се избира заменик-студентски правобранител во мандат од две години.<br>Православниот богословски факултет во Скопје ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Им овозможува простории, поддршка како и одредени финансиски средства за таквите активности.<br>Во текот на академската година, кога се одржуваат традиционалните Универзитетски спортски натпревари на УКИМ, студентите од Православниот богословски факултет активно учествуваат во различни спортски дисциплини. За таа цел, Факултетот обезбедува целосна спортска опрема за студентите кои учествуваат на спортските натпревари.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 6.7. Извештај од изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Православниот богословски факултет</td></tr>
<tr><td>6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.</td><td>Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.<br>https://pbf.edu.mk/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студентите се запознаваат со услугите кои им стојат на располагање на повеќе начини. Најкористен начин на пристап до информации е преку веб страната на Факултетот каде студентите можат да ги најдат скоро сите информации кои се однесуваат на студиските програми, распореди на предавања, информации за активности и настани кои се организирани, публикации како и конференции, предавања од гости предавачи и слично.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Студентите исто така активно ги користат и социјалните мрежи (фејсбук, youtube каналот) за добивање на информации за настани кои се организираат на Факултетот. Постои и приватна група на социјалните мрежи каде партиципираат сите редовни и вонредни студенти, но и дипломираните на Православниот богословски факултет во Скопје. |
| **Прилози** |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален.<br>Самоевалуација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Православниот богословски факултет во Скопје врши прибирање и анализа на најголем дел од информации релевантни за реализација на студиските програми и активностите поврзани со студентите користејќи го компјутерскиот систем I-know.<br>Факултетот, како придружна членка на УКИМ, го користи овој систем, кој овозможува електронско прибирање, следење и анализа на податоци кои се однесуваат на број на запишани студенти, реализирани семестри, слушани и положени испити, постигнат успех на студентот, како и дипломирани и магистрирани студенти.<br>Дополнително, во однос на бројот на запишани и дипломирани/магистрирани студенти се водат и матични книги за запишани и дипломирани/магистрирани студенти на сите циклуси посебно. I-know системот овозможува пристап на сите чинители во образовниот процес (наставен кадар, стручно-административен кадар и студенти), кои согласно дадените привилегии во системот можат да ги следат сите достапни податоци.<br>На ниво на Универзитет развиен е и систем за прибирање и анализа на информации кои се однесуваат на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на УКИМ. Православниот богословски факултет, како придружна членка на УКИМ редовно ја користи Ризницата на научни трудови на УКИМ - репозиториум на научни трудови и публикации кој е јавно достапен. Научните трудови (публикации, апстракти, научни трудови, монографии, поглавја од книги, учебници и сл.) објавени од страна на наставно-научниот кадар на Православниот богословски факултет се јавно достапни на Ризницата на научни трудови на УКИМ.<br>Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување на квалитет.<br>Користејќи ги горенаведените електронски платформи, на редовна основа се собираат и анализираат податоци релевантни за сите активности на наставната и научната дејност на Факултетот. Анализата на овие податоци е појдовна точка во креирање на развојните цели и унапредување на квалитетот на активностите кои ги реализира Православниот богословски факултет.<br>Како пример за следење на успешноста на наставата и успехот на студентите во текот на студиите се Извештаите од секоја сесија, кои се разгледуваат и анализираат на седниците на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет во Скопје. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.1.А. Извештај од есенската испитна сесија 2022-2023<br>Прилог 7.1.Б. Извештај од летната испитна сесија 2022-2023<br>Прилог 7.1.Б. Извештај од летната испитна сесија 2022-2023 | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

| | |
|---|---|
| на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |

Како што беше посочено во индикаторот 7.2., Православниот богословски факултет во Скопје редовно прибира и анализира податоци кои се релевантни за дејностите кои ги врши. Податоците кои редовно се прибираат се однесуваат на студентската популација (профил на студенти) и студиските програми (број на запишани и завршени студенти, напредок на студентите, пријавени изборни предмети, постигнатиот успех, итн).

Се прибираат и анализираат податоци за активностите (наставни, научни, стручно-апликативни) на наставно-научниот кадар. Се прибираат и податоци за ресурсите за учење, инвентарот и опремата која е дел од наставните и научните активности, библиотечниот фонд, податоци за соработка на установата со домашни и странски институции, склучени соработки, одржани настани, активности и слично.

Студентите се активно вклучени во прибирање на информации за квалитетот на наставата. Имено, анкетата за самоевалуација се спроведува за секој семестар и преку истата се прибираат информации кои се однесуваат на материјалите за учење, очекувањата и тежината на материјалот, квалитетот на наставата, достапноста на наставниот кадар и комуникацијата со кадарот. Резултатите од самоевалуацијата претставуваат индикатор за повеќе аспекти релевантни за студиските програми и нивниот квалитет. Исто така, тие се и индикатор кој е вклучен во рефератот за избор на наставно-научниот кадар и се доставуваат на семестрално ниво до секој наставник. Резултатите од самоевалуацијата за извештајниот период се дел и од овој извештај.

И наставно-научниот кадар е активно вклучен во прибирање на информации. На годишно ниво, се прибираат податоци за наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на секој од наставниците, а анализата на собраните податоци е интегирирана во извештаите од самоевалуацијата на Факултетот.

Добиените информации се користат за планирање на тековни и идни активности со цел подобрување на наставата и наставните методи, подобрување на условите за студирање, соработка со други високообразовни институции во земјава и странство и слично.

Соодветни податоци кои ги прибира стручно-административната служба на Православниот богословски факултет се доставуваат до Синодот на Македонската православна црква, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Државниот завод за статистика на РСМ и други релевантни институции.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси.<br>Веб страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>Youtube канал на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>Facebook страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје |

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје редовно информира за претстојни и реализирани настани кои се од важност за дејноста која ја врши. Иако Факултетот нема формален регистар за значајни настани, сепак, навремено ги објавува сите информации поврзани со значајни настани и активности (одржување на конференции/работилници, гости предавачи на Факултетот, најави за склучени соработки со домашни и меѓународни институции и слично.

Покрај информациите достапни на веб страната на Факултетот, како и фејсбук страната, Факултетот има и youtube канал, каде во целост се објавени видео презентации од научните конференции кои ги организира.

Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на Православниот богословски факултет, односно анализираните податоци и информации редовно се разгледуваат и дискутираат на ниво на Наставно-научен Совет во насока на преземање на идни чекори за подобрување на услугите и квалитетот на активностите кои се реализираат на Факултетот.

**Прилози**

Прилог 7.3. Регистар на значајни настани, активности и процеси на Православниот богословски факултет

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата.<br>- Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20)<br>- Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 294/21)<br>- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (МОН)<br>- Закон за архивски материјал<br>- Уредба за канцелариско и архивско работење |

Православниот богословски факултет во Скопје врши прибирање и обработка на лични податоци со цел реализација на дејноста која ја извршува. Прибирањето и обработката на личните податоци, особено личните податоци на студентите, се врши во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци, применувајќи соодветни технички и организациски методи за безбедност на податоците. Во однос на личните податоци кои се собираат во хартиена форма, Факултетот спроведува соодветни мерки за нивна заштита односно установата ги чува и обработува личните податоци во согласност со законските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Во однос на електронски прибраните податоци, преку I-know системот, поддршката, одржувањето и заштитата на податоците на системот е централизирано односно управувано од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни, со цел соодветна заштита на личните податоци, а во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 294/21, и 42/20), Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, донесен од страна на Министерството за образование и наука, Законот за архивски материјал и Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Прилози**

## Стандард 8

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.</td><td>Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери.<br>Веб страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>Студиски програми на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>Youtube канал на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>Facebook страна на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (социјални медиуми и youtube каналот) на Факултетот се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Факултетот еднаш годишно организира настан – Прв академски час, на кои ги презентира своите активности и студиски програми за новозапишаните студенти. Факултетот организира и научни конференции (како на пример: Светиклиментовата научна конференција која се одржува на Факултетот еднаш годишно, Кирилометодиевите научни средби и други настани) за кои редовно се прават видеозаписи и се објавуваат на youtube каналот. На каналот се објавени видео снимки од презентациите на учесниците на следниве научни собири во организација на Факултетот:<br>Трет Светиклиментов научен собир „Словата и Словото“ – 06.12.2019 година.<br>Четврти Светиклиментов научен собир „Образование“ – 06.12.2020 година.<br>Петти Светиклиментов научен собир „Сеќавање“ – 07.12.2021 година.<br>Шести Светиклиментов научен собир „Една, света, соборна и апостолска Црква“ – 06.12.2022 година.<br>Седми Светиклиментов научен собир „Мисија и секуларизам“ – 07.12.2023 година.<br>Први Кирилометодиеви научни средби 23.05.2024 година.<br>Информациите кои се однесуваат на активностите на Факултетот се корисни за потенцијалните и тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.<br>За жал, Православниот богословски факултет нема можност да учествува на промотивниот настан „Отворен ден“ во организација на УКИМ. Се надеваме дека во иднина на Факултетот ќе му биде обезбедена ваквата можност со цел промоција и презентација на студиските програми на Факултетот пред заинтересираните потенцијални студенти што ќе придонесе за поголема видливост на работата која ја врши установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Прилог 8.1. Преглед на објавени информации за дејноста на Православниот богословски факултет во медиумите</td></tr>
<tr><td>8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.</td><td>Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО:<br>1. Статутот на Православниот богословски факултет<br>2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;<br>Решение за акредитација за прв циклус студии по теологија<br>Решение за почеток со работа за прв циклус студии по теологија<br>Решение за акредитација за втор циклус теолошки студии - едногодишни<br>Решение за почеток со работа за втор циклус теолошки студии - едногодишни<br>Решение за акредитација за втор циклус теолошки студии - двегодишни</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Решение за почеток со работа за втор циклус теолошки студии - двегодишни<br>Решение за акредитација за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава<br>Решение за почеток со работа за втор циклус специјалистички студии по методика на религиската настава<br>Решение за акредитација за трет циклус студии по теологија<br><br>3. Актот за систематизација;<br>Одлука за организација и систематизација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;<br>Статут на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата;<br>Правилник за плати и надоместоци на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје<br>6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот на Православниот богословски факултет<br>7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година,<br>8. Завршна сметка,<br>Финансиски извештаи<br>9. Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2023 г.<br>Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2022 г.<br>Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2021 г.<br>10. Прифатени теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови<br>11. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и<br>12. Етичкиот кодекс. |

Православниот богословски факултет во Скопје редовно објавува податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализира, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето и условите за учење кои им се на располагање на студентите.

Факултетот ги има објавено сите релевантни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за прв, втор и трет циклус на студии.

За веродостојното презентирање и верификување на активностите и заложбите на Православниот богословски факултет во Скопје за информирање на јавноста, достапни се следниве информации:

- Информации за студиските програми кои ги реализира Православниот богословски факултет во Скопје може да се најдат на веб страната на Факултетот, во секцијата за **настава**, во делот прв циклус додипломски студии, каде се поставени информации за студиски програми од прв циклус (старите и новите програми), како и во делот последипломски студии каде се поставени информации за студиските програми од втор циклус магистерски и специјалистички студии и информации за трет циклус.
- Критериуми за упис на прв циклус на студии може да се најдат на веб страната на Факултетот, во секцијата за **настава**, во делот прв циклус додипломски студии, и тоа во сегментот: Конкурс за запишување на редовни и вонредни студенти во I година додипломски студии во академската 2024/2025 година. Тука се наведени детали во однос на уписите, како што се роковите и критериумите за упис. Актуелните конкурси за втор и трет циклус студии во одредено време исто така ќе бидат објавени во делот последипломски студии со наслов конкурс за запишување на студенти. Конкурсите за последипломски студии ќе ги содржат сите релевантни податоци за студентите, вклучително и критериумите за упис. Со ажурирање на податоците на веб страната на Факултетот, изминатите конкурси се отстрануваат, односно на веб страната се присутни само активните конкурси за запишување на студенти.
- Цели на учењето за програмите од прв, втор и трет циклус на студии може да се најдат на веб страната на Факултетот, во секцијата за настава, во делот прв циклус додипломски студии или последипломски студии, во сегментот студиски програми, каде за секоја студиска програма одделно се претставени елаборатите кои ги содржат и целите на учењето.
- Решенијата за акредитација на студиските програми и решенијата за почеток со работа се исто така достапни на веб страната на факултетот во сегментите каде се претставени студиските програми за секој циклус на студии посебно.

| | |
|---|---|
| **Прилози** | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>https://pbf.edu.mk/<br><br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо).<br>Прифатени теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови |
| Православниот богословски факултет во Скопје редовно ги објавува закажаните одбрани на дипломски, специјалистички и магистерски трудови на огласна табла (седум дена пред закажувањето на одбраната), како и на фејсбук страната на Факултетот. Темите на магистерски и специјалистички трудови кои биле одбранети на Факултетот во изминатите пет учебни години се објавени на веб страната на Факултетот (линк).<br>Дополнително, во рамките на делот **настава** на веб страната на Факултетот, редовно се известува за реализираните активности на прв и втор циклус на студии, а исто така на почетната страна на Факултетот се објавени настани од научно-истражувачките активности.<br>Во секцијата: база на документи на веб страната на Факултетот постојат посебни делови за книги, симпозиуми, семинари и предавања. | |
| **Прилози** | |

## Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Православниот богословски факултет во Скопје не е вклучен преку Универзитетот „Кирил и Методиј“, Скопје во програмата Еразмус+. Образложението за тоа од страна на Универзитетот е дека, како придружна членка на Универзитетот, Православниот богословски факултет треба независно да аплицира за чартер и мобилности. По овие насоки, Факултетот ја подготвува соодветната документација, со цел да поднесе апликација до наредниот рок (јануари 2025 г.). Предизвик е за менаџментската управа на Факултетот да се заложи за меѓународната мобилност на наставниот кадар и студентите во сите циклуси на студии и преку потпишаните договори за меѓународна соработка со други образовни институции во Европа.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>- Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br><br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br><br>- Акциски план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br><br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Унапредувањето на меѓународната соработка претставува приоритет во развојот на Православниот богословски факултет, за чија реализација Факултетот самостојно вложува напори, но и активно учествува во инцијативи и активности на единиците на УКИМ.<br>Активностите кои Факултетот ги реализира во доменот на меѓународната соработка и интернационализација, се остваруваат во рамки на Програмата за работа на Православниот богословски факултет во Скопје за периодот 2023-2026 година, каде се зацртани целите за продлабочување на меѓународната соработка со следниве институции: Православниот богословски факултет во Белград, Богословскиот факултет во Љубљана, Римокатоличкиот факултет во Регенсбург, како и со други високо-образовни институции во Европа. Акцискиот план на Православниот богословски факултет 2023-2026 година ги содржи индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка.<br>Деканот и продеканот за меѓународна соработка на Факултетот се надлежни за меѓународната соработка на Факултетот и интернационализација во рамки на установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но</td><td>Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | |

Православниот богословски факултет во Скопје има на располагање лимитирани финансиски ресурси за меѓународна соработка. Така, на пример, во 2019 година Факултетот организираше Меѓународна конференција St. Sophia – "Wisdom has built her House" (Pr 9,1). Конференцијата се одржа во Охрид и Струга, а дел од средствата беа добиени од Министерството за култура, по објавен годишен конкурс за доделување на средства за поддршка на проекти од јавен интерес.

Во јуни 2024 година, Православниот богословски факултет во соработка со источно-црковниот институт од Германија (The Institute for Eastern Churches of the Diocese of Regensburg) реализираше научен колоквиум во Охрид со меѓународно учество.

До крајот на 2024 година планирана е уште една меѓународна конференција во организација на Православниот богословски факултет, а веќе се започнати подготовките за реализација на Меѓународна конференција на библистите, која ќе се одржи во Охрид 2026 година, во соработка со Snts NT, Германија.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Православниот богословски факултет во Скопје до сега има склучено договори за меѓународна соработка со неколку високо-образовни институции:

1. Договор за соработка со Православната духовна академија во Санкт-Петербург
2. Договор за соработка со Православната духовна академија во Москва
3. Договор за соработка со Католичкиот теолошки универзитет во Загреб

Факултетот нема потпишано договор за меѓународна соработка преку програмата Еразмус+ преку УКИМ. Образложението за тоа од страна на Универзитетот е дека, како придружна членка на Универзитетот, Православниот богословски факултет треба независно да аплицира за чартер и мобилности. По овие насоки, Факултетот ја подготвува соодветната документација, со цел да поднесе апликација до наредниот рок (јануари 2025 г.).

Секоја година, во соработка со Институтот за национална историја е коорганизатор на меѓународната научна конференција Денови на Јустинијан I, а од 2023 година, во соработка со Источно-црковниот институт од Регензбург, започна со организација на научни колоквиуми со меѓународно учество. Тие се планирани да се одржуваат и понатаму.

Во изминатите пет години не се реализирани заеднички студиски програми на Факултетот со странски универзитет.

**Прилози**

9.4.А Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

На Православниот богословски факултет не се вклучени професори од странски универзитети како визитинг професори, ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски трудови.

Но, во рамките на студиската програма на прв циклус студии, предавања одржаа неколку гости предавачи од реномирани универзитети и институти:

| |
|---|
| - На 6 декември 2023 година, на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, пред студентите од прв циклус студии, **проф. Марта Наѓи** од Унгарија одржа предавање на тема: „Култот на свети Наум во унгарската култура и традиција“.<br>- Од 15-19 мај 2023 **проф. д-р Костадин Нушев** од Православниот богословски факултет во Софија, во рамките на наставата од прв циклус студии по предметот Христијанска етика одржа три предавања.<br>Нивниот ангажман како гости предавачи и реализираните предавања, кои соодветствуваа на студиските програми, претставуваа значајна додадена вредност за студентите.<br>- На 24.11.2023 година, проф. **д-р Давор Џалто** од Универзитетскиот Колеџ во Стокхолм, одржа предавање пред студентите од прв циклус за време на наставата по Философија. Темата за која беше предавањето е: „Теологија и наука – прашање за методот“.<br>- На 14.12.2023 година, гости предавачи на Православниот богословски факултет во Скопје беа **проф. др. Бредли Насиф** од Православен институт Патријарх Атенагора во Калифорнијаи и **проф. др. Џорџ Хенкок-Стефан** од Палмер теолошка семинарија во Пенсилванија. Темата на предавањето беше: „Контури и Траектории: Сегашноста и иднината на светската и македонската Православна и Евангелско Протестантска теологија и црква“.<br>- На 23.02.2024 година, на тема: „Етиката и религијата во дигиталната доба“, одржа предавање **проф. д-р Бојан Жалец** од Теолошкиот факултет во Љубљана. Предавањето го следеа студентите од прв циклус студии за време на наставата по предметот Философија.<br><br>Во извештајниот период на Факултетот има запишано еден студент од странство на прв циклус студии во учебната 2022/2023 година и еден студент од странство на втор циклус магистерски студии по теологија во учебната 2023-2024 година. |
| **Прилози** |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставaт дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“–СКОПЈЕ
ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА

Бр. 250/1
18 07 /2024
Скопје

# ИЗЈАВА

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Дејан Борисов со ЕМБГ 1409977450100, одговорно лице во високообразовната установа: Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот за самоевалуација на високообразовната установа: Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје за периодот 2019-2024 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ

Дејан Борисов
(име и презиме)

(своерачен потпис)

Јас, НОТАР Никола Спасовски
за подрачјето на Основните Судови Скопје,
ул.Франклин Рузвелт бр.69Б, Скопје-Карпош

Потврдувам дека
за Православен богословски факултет СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-Скопје /, ул.Загребска бр.29, Скопје, ЕМБС: 4073053, ,застапникот по закон Дејан Борисов, ул.Трифун Пановски бр.5/1-13, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото, Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: M0872349 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 150 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 300 денари.

Број УЗП 3657/2024

Во Скопје 18.07.2024

НОТАР

Никола Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НИКОЛА
СПАСОВСКИ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
ВИКТОРИЈА СИЛЈАНОВСКА
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје